Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Сто триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21.5.2019 година

Скопје, мај 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21.05.2019 година**

Седницата започна во 14:05 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирањеи Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи.

Од седницата отсуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање и Асаф Адеми, министер за култура.

*
*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

*
*        *

## ДНЕВЕН РЕД

### ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 131-та седница на Владата, одржана на 23.4.2019 година

- Статус на реализација на приоритетите на Република Северна Македонија за влез во НАТО
- Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции
- Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните
- Извештај од Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) Гости

1. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2019 година

2. Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје

3. Информација во врска со експропријацијата на земјиштето за реализација на проектите за реконструкција и изградба на железничката пруга од Источната делница на Коридор 8 (делница Куманово - Бељаковци, делница Бељаковци - Крива Паланка, делница Крива Паланка - граница со Република Бугарија)

4. Предлог-одлука за зголемување на основната главнина од средствата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда со емисија на нови акции

5. Предлог-одлука за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје

6. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Државен комунален инспекторат

7. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Посебното основно училиште за ученици со посебни воспитно-образовни потреби „Св Климент Охридски" - Ново Село

8. Информација со предлог-измени на Проектот за Самовработување со кредитирање, Проектот кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места, Проектот за Самовработување со кредитирање за млади лица до 29 години и Проектот кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места за млади лица до 29 години, со предлог-одлуки

9. Информација за Тарифник на основачот на ТИРЗ „Скопје 1" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1" и за Тарифник на основачот на ТИРЗ „Скопје 2" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Скопје 2", со предлог -одлуки

10. Информација за преземени мерки и активности во врска со старите и неупотребливи возила, со Предлог-одлука

11. Извештај за извршените преговори за текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Црна Гора за размена и заемна заштита на класифицирани информации

12. Информација за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2018 година, како и за актуелните проблеми поврзани со огласувањето на донесените одлуки за правосилни и извршни и со постапувањето со одземените стоки, предмет на царински прекршок

13. Информација за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука

14. Барање за ревидирање на границите на споменичка целина Антички град „Скупи" - Скопје

15. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

16. Информација со Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје

17. Барање за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

18. Барање за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија Скопје

19. Барање за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

20. Барање за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

21. Информација за состојбите на локалитетот Галабовец - Бела Пола за експлоатација на минерална суровина - мермер во Општина Прилеп

22. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на општина Вевчани

23. Предлог-одлука за распоредување на набавената противпожарна опрема на општините Прилеп, Тетово, Струмица, Кичево и Гевгелија

24. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка

**б) економски систем и тековна економска политика**

25. Информација за потреба од донесување на Национална програма за железничка инфраструктура за период од 2019 - 2021 година, со Предлог-национална програма

26. Предлог-програма за изменување на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2018-2022 година

27. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година

28. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година

29. Информација за измена на Одлука за висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови, со Предлог-одлука

30. Информација за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони и за вршење на стопански риболов на риболовни подрачја, со Предлог-одлуки

31. Информација за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со Предлог-одлуки

32. Информациjа за започнување постапка за доделување на концесиjа на рибите за вршење стопански риболов на риболовни зони, со Предлог-одлуки

33. Информациjа за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земjоделско земjиште со непосредна спогодба со ИЗ ЕЛДЕЈ - Соња Јакимовска с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука,

34. Информациjа за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земjоделско земjиште со непосредна спогодба со Влатко Николов ул. Ангел Трајчев бр.55 Свети Николе, со Предлог-одлука

35. Информациjа за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земjоделско земjиште со непосредна спогодба со ИЗ КРИСТАЛ ВАЛ - Валентина Спасова с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

36. Информациjа за давање на согласност за траjна пренамена на земjоделско во градежно земjиште за изработка на Локална урбанистичка планска документациjа за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустриjа КО Галате, Општина Врапчиште, со Предлог-одлука

37. Информациjа за давање на согласност за траjна пренамена на земjоделско во градежно земjиште за изработка на Локална урбанистичка планска документациjа за изградба на комплекс со намена Б4-деловни простории КО Инџиково, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука

38. Информациjа за давање на согласност за траjна пренамена на земjоделско во градежно земjиште за изработка на Урбанистички план за село Долна Лешница за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерциjални и деловни намени, В-jавни институции, Г-производство, дистрибуциjа и сервиси, Д-зеленило и рекреациjа, Е-инфраструктура КО Долна Лешница, Општина Желино, со Предлог-одлука

39. Информациjа за давање на согласност за траjна пренамена на земjоделско во градежно земjиште за изработка на Локална урбанистичка планска документациjа за изградба на комплекс за групно домување А3-објект за сместување и престоj на стари лица КО Беровци, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

40. Информациjа за давање на согласност за траjна пренамена на земjоделско во градежно земjиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкциjа и доградба на

постоен пат од м.в. Порта до м.в. Мечкин Камен, КО Крушево-вон г.р., Општина Крушево, со Предлог-одлука

41. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 20(10)kV воздушен приклучен вод за поврзување на МХЕЦ Ехлоец со 20(10)kV постоечки воздушен вод во с.Извор, КО Ехлоец и КО Кленоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука

42. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на СН 10(20) kV надземен вод со трафостаница 10(20)/0,4kV КО Присад, КО Дабница, Општина Прилеп и КО Небрегово, Општина Долнени, со Предлог-одлука

43. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс од градби со намена Б5-хотелски комплекс КО Руница Општина Липково, со Предлог-одлука

44. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Г Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

45. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

46. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д-меморијални простори-градски гробишта КО Валандово-вон г.р., Општина Валандово, со Предлог-одлука

47. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа Вирово и придружни објекти КО Вирово, Општина Демир Хисар, со Предлог-одлука

48. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Тркање за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Тркање, општина Кочани, со Предлог-одлука

49. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Боговиње-вон г.р., Општина Боговиње, со Предлог-одлука

50. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

51. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со класа на намена Д-4 меморијален простор (православни гробишта) КО Брвеница вон град, Општина Брвеница, со Предлог-одлука

52. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

53. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Корешница, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука

54. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (рибник за одгледување на речна калифорниска пастрмка) КО Белица, Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука

55. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на

објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (рибник за одгледување на речна калифорниска пастрмка) КО Белица, Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука

56. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стовариште КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог-одлука

57. Информација за проширување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Самарница“ Општина Прилеп на Друштво за производство, услуги и трговија Волостоне ДОО Скопје, со Предлог-одлуки

58. Информација во врска со извршената евалуација по Јавен повик за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани“ с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани“ с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга бр. 44-9027/1 од 2.10.2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр.186/18), со Извештај и Предлог-одлука

59. Информација Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилеп, со Предлог-одлука

**в) политички систем**

60. Предлог-закон за ратификација на Протоколот кој се однесува на дефиниција на поимот „производи со потекло“ и методите на административна соработка кон Договорот за изменување и пристапување кон Централноевропскиот договор за слободна трговија согласно Одлуката на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија бр. 3/2015

61. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање на Културно-информативни центри во Република Северна Македонија и Културно - информативни центри во Република Албанија

62. Информација во врска со усогласениот текст на Протоколот меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Црна Гора за соработка во областа на европските интеграции

63. Информација во врска со издавањето на новите регистарски таблици и утврдување на носителот на трошоците за замена на регистарските таблици со нови

64. Информација за потребата од понатамошно користење на недвижен имот од страна на Армијата на Република Северна Македонија на КП 8504 КО Богданци, ул.„Дубрава", запишан во ИЛ.бр.100628 (поранешни објекти на „Млаз" АД во стечај, а сега во сопственост на ДПТУ „Десива Пром" ДОО од Богданци), со Предлог-договор

65. Информација за напредокот на проектот Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија

66. Информација за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)" и барање за промена на динамиката на плаќање на повеќегодишната јавна набавка „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)"

67. Информација за одржување на Петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 4 октомври 2018 година во Скопје

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

68. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2019 година

69. Предлог-одлука за распределба на средства за проектите: изградба на локален пат Ржаничино-Ќојлија во Општина Петровец и изградба на локални патишта во село Горно Оризари, Општина Велес

70. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - варовник на локалитетот "Пасивер", општина Чучер Сандево од

Друштвото за производство, трговија и услуги ЕУРО АКТИВА ДОО експорт - импорт Скопје на Друштвото за трговија и услуги ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје

71. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за градежништво инженеринг промет и услуги МИЉА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје на локалитетот Орман, Општина Гази Баба

72. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина - дијабаз на Друштвото за производство, трговија и транспорт МИСА-МГ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје на локалитетот „Гроот", Општина Велес

73. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удел во Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги Премиум минерали ДТ ДОО увоз-извоз Куманово

74. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „АПЕКС МК" ДОО Скопје за деловната просторија на ул.„Маршал Тито" бр.61 во Битола

75. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ" ДОО Скопје за деловната просторија на ул.„Кемал Сејфула" бр.2Б во Скопје

76. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за коцкање и обложување „МА ГАМИНГ" ДООЕЛ Скопје за деловната просторија на ул. „Народен Фронт" бр.19/1-18 во Скопје

77. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за угостителство и игри на среќа „ТХЕ-СЛОТС" ДОО Скопје за деловната просторија на ул. „Илинденска" бр.17 во Гевгелија

78. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ" ДОО Скопје за деловната просторија на бул.„Јане Сандански" бр.79А/001 кат, ПР-број 010 Аеродром, Скопје

79. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Радовиш

80. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Демир Хисар

81. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Крива Паланка

82. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Берово

83. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Маврово и Ростуше

84. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Чешиново Облешево

85. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Македонски Брод

86. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Василево

87. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Дебрца

88. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Неготино

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и тековен одржлив развој**

89. Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот за работа на претседателот и членовите на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации

90. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на ЈЗУ Клиничка болница - Штип

91. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА Скопје (тмв Пежо, тип Боксер, 2016 година)

92. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружение на граѓани за третман на лица со Аутизам, АДХД и Аспергеров синдром ВО МОЈОТ СВЕТ-Скопје

93. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Меѓународната фондација „Тоше Проески“ - Крушево

94. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија - Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

95. Годишен извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2018 година

96. Годишен извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2018 година

97. Барање за давање на автентично толкување на член 69 став (4) од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15), поднесено од пратеникот Самка Ибраимоски

98. Барање за давање на автентично толкување на член 23 став 1 точка 3 подточки д), ѓ), е) и з) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19), поднесено од пратеникот Лидија Тасевска

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

99. Иницијатива поднесена од Снежана Геровска - Попчевска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.75/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр.154/2010) донесена од Владата на Република Македонија

100. Известување од извршител Горан Тошевски од Скопје за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) под И.бр.378/19

**д) други предлози**

101. Кадровски прашања

102. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

103. Годишен финансиски извештај за 2018 година, доставен од Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП

104. Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2018 година

105. Информација за приклучување на Република Северна Македонија кон Иницијативата за перформанси на примарна здравствена заштита

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

106. Предлог-одлуки за давање согласност на Решенијата за отстапување на одземени предмети

107. Предлог-одлуки за престанок и за давање на движни ствари

108. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година

109. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на хотелско-туристички објекти, туризам, спорт и рекреација локалитет Негорски бањи КО Негорци, Општина Гевгелија, со Предлог-одлука

110. Предлог-годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2019 година

111. Информација за потребата од преземање на активности за реконструкција и реновирање на недвижни ствари - објекти на единиците на Армијата со финансиски

средства обезбедени од Министерството за образование и наука (Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје)

112. Информација за потребата од нов деловен простор за Државната комисија за спречување на корупција

113. Информација за првиот Годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022, со Годишен извештај

114. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2019 година

115. Информација за потпишување на Меморандум за рамка за соработка за Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа, со усогласен текст на Меморандум

116. Информација за потпишување Спогодба помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Република Северна Македонија во „Европскиот корпус на солидарност“, со усогласен текст на Спогодба

117. Информација за формирање Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за изградба на катни - монтажни гаражи во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, со Предлог-решение

118. Информација за тек и прогрес на проектот Реконструкција и адаптација на Специјална болница „Св. Еразмо“- Охрид и одобрување на нова динамика за плаќање

*
*  *

Владата без забелешки го усвои записникот од 131-та седница на Владата, одржана на 23.4.2019 година

*
*  *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

**▪ Статус на реализација на приоритетите на Република Северна Македонија за влез во НАТО**

Владата ја разгледа Информацијата за Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 - 2028, со Долгорочен план и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го утврди текстот на Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 - 2028.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 - 2028, да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија.

Се задолжува Министерството за одбрана во рок од 15 дена по добиената согласност од Претседателот на Република Северна Македонија, да подготви Предлог-текст на резолуција за Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 - 2028 и да го достави до Владата.

- **Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции по ресори.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии за наредната седница да го достави Предлог-законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста.

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

    - **Извештајот од Единаесеттиот состанок на Меѓуресорска работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

Владата го разгледа Извештајот од Единаесеттиот состанок на Меѓуресорска работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги извести сите основни училишта, средни училишта и високообразовни установи при изготвување на сите акти (уверенија, свидетелства, дипломи итн.) задолжително да го употребуваат новото име на државата.
2. Се задолжува Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, да организира советување со сите државни институции во врска со спроведување на обврските кои произлегуваат од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните.

3. Се задолжува Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, во рок од седум дена да изработи брошура во која ќе бидат инкорпорирани заклучоците од Меѓуресорска работна група, Насоките за извршување на обврските на Република Северна Македонија кои произлегуваат од Конечната спогодба и Уставните амандмани и Уставниот закон, изработени од страна на Министерството за надворешни работи и најчесто поставуваните прашања доставени од институциите до Меѓуресорската работна група и одговорите на истите, со цел олеснување на институциите при спроведување на обврските кои произлегуваат од Спогодбата.

- **Извештај од Десеттиот состанок на Меѓуресорска работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

Владата го разгледа Извештајот од Десеттиот состанок на Меѓуресорска работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, во рок од 10 дена, да доставаат Листа на изданија (план за амортизација) кои имаат финансиски импликации, согласно новата промена на називот на државата и краток опис на што се однесуваат финансиските импликации (корица, цип, текст), согласно прилогот.

2. Се препорачува на коморите во Република Северна Македонија, да им укажат на своите членови во дописите, меморандумите, документите и на сите други места каде што се појавува терминот Република Македонија, да го заменат со новото име на државата - Република Северна Македонија.

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците**

   - **Извештај од Деветтиот состанок на Меѓуресорска работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците**

Владата го разгледа Извештајот од Деветтиот состанок на Меѓуресорска работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците и го усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на коморите на Република Северна Македонија да им укажат на своите членови при комуникација со граѓаните за работи кои се во рамките на нивните овластувања да го имплементираат Законот за употреба на јазиците.

2. Се задолжуваат, односно им се укажува и препорачува на сите институции, при изработката на визит-картите, едната страна на визит картите задолжително да е испишана на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а другата страна да биде испишана согласно волјата на оној за кој се изработува визит картата.

   - **Извештај од Десеттиот состанок на Меѓуресорска работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците**

Владата го разгледа Извештајот од Десеттиот состанок на Меѓуресорска работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот, да обезбеди возило кое ќе биде дадено на користење за потребите на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, да пристапи кон развивање на програма за покренување на јавната свест за примена на Законот за употреба на јазиците, согласно членот 23 став (3) од Законот за употреба на јазиците.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи разгледувањето на Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2019 година, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски во прилог на материјалот да достави список за кои судски спорови се однесува изменувањето на Програмата и износот на финансиски средства што треба да се исплатат.

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со експропријацијата на земјиштето за реализација на проектите за реконструкција и изградба на железничката пруга од Источната делница на Коридор 8 (делница Куманово - Бељаковци, делница Бељаковци - Крива Паланка, делница Крива Паланка - граница со Република Бугарија) и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да направи увид, односно проценка за тоа дали се доволни капацитетите на подрачната единица на Управата за имотно- правни работи - Куманово и врз основа на предметите кои ги имаат за работа во однос на барањата за експропријација на делница Куманово - Бељаковци, доколку има потреба, да ги зајакнат постоечките капацитети (кадровски, технички и финансиски), со цел процесот на екпспропријација да биде завршен во зададениот рок.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за зголемување на основната главнина од средствата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда со емисија на нови акции, во предложениот текст.

Министерот за правда, д-р Рената Дескоска се иззема од расправата и одлучувањето по овој материјал.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Државен комунален инспекторат, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Посебното основно училиште за ученици со посебни воспитно-образовни потреби „Св Климент Охридски" - Ново Село, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со предлог-измени на Проектот за Самовработување со кредитирање, Проектот кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места, Проектот за Самовработување со кредитирање за млади лица до 29 години и Проектот кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места за млади лица до 29 години, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да изготви оперативни насоки и проектна документација за реализирање на Проектот за Самовработување со кредитирање и Проектот кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места и истите да ги достави на одобрување до Управниот Одбор на Проектот, најдоцна до крајот на јуни 2019 година.

2. Ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства за Македонска банка за поддршка на развојот како финансиска поддршка за реализација на проектот Самовработување и Проектот кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места (бр.19-8387/1 од 21 декември 2007 година, 19-879/1 од 12 февруари 2008 година, 41-638/1 од 12 февруари 2013 година, 41-5013/1 од 30 јули 2013 година и 42-2023/1 од 5 март 2014 година),

- Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства за Македонска банка за поддршка на развојот како финансиска поддршка за реализација на проектот Самовработување и Проектот кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места (бр.19-5781/1 од 10 ноември 2008 година, 19-6621/1 од 23 декември 2008 година, 41-638/2 од 12 февруари 2013 година, 41-5013/2 од 30 јули 2013 година и 42-2023/2 од 5 март 2014 година),

- Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства за Македонска банка за поддршка на развојот како финансиска поддршка за реализација на проектот Самовработување и Проектот кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места (бр.19-6183/1 од 26 ноември 2008 година, 19-6621/2 од 23 декември 2008 година, 19-6942/1 од 23 декември 2008 година, 41-638/3 од 12 февруари 2013 година, 41-5013/3 од 30 јули 2013 година и 42-2023/3 од 5 март 2014 година) и

- Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства за Македонска банка за поддршка на развојот како финансиска поддршка за реализација на проектот Самовработување и Проектот кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места (бр.19-931/1 од 19 февруари 2009 година, 19-931/2 од 24 февруари 2009 година, 41-638/4 од 12 февруари 2013 година, 41-5013/4 од 30 јули 2013 година и 42-2023/4 од 5 март 2014 година), во предложените текстови.

## Точка 9

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Тарифник на основачот на ТИРЗ „Скопје 1" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1" и за Тарифник на основачот на ТИРЗ „Скопје 2" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Скопје 2", со предлог -одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 1" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1", во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 2" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2", во предложениот текст.

## Точка 10

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преземени мерки и активности во врска со старите и неупотребливи возила, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршените преговори за текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Црна Гора за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со усогласен текст на Договор и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Црна Гора за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

2. Се определува м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Црна Гора за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

## Точка 12

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2018 година, како и за актуелните проблеми поврзани со огласувањето на донесените одлуки за правосилни и извршни и со постапувањето со одземените стоки, предмет на царински прекршок и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда во рок од три дена Информацијата на Царинската управа да ја достави до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за правда да му препорача на Судскиот совет на Република Северна Македонија во рок од 30 дена да достави информација за причините поради кои Управниот суд не ги огласил за правосилни пресудите наведени во Табеларните прегледи број 1 и 2 на Царинската управа, како и за преземените активности од страна на Управниот суд за надминување на оваа состојба.

3. Се задолжува Министерството за правда да му препорача на Судскиот совет на Република Северна Македонија во рок од 30 дена да достави информација за мерките и активностите кои Управниот суд и Вишиот управен суд ќе ги преземат во насока на разрешување на состојбата со предметните стоки од прекршочните предмети кои се опфатени со Табеларните прегледи број 3 и 4 на Царинската управа, имајќи го предвид заклучокот на Врховниот суд донесен на општата седница одржана на 14 декември 2015 година.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила, за старо железо), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа Барањето за ревидирање на границите на споменичка целина Антички град „Скупи“ - Скопје и го усвои со следниот заклучок:

- формира работна група чија што работа ќе ја кооординира Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со по еден претставник од Општина Карпош, Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за финансии - Управа за имотно правни работи, Управата за заштита на културното наследство, Градот Скопје и Министерството за транспорт и врски, која во рок од 14 дена ќе ја утврди фактичката состојба и ќе предложи можни граници на утврдување на споменичката целина и контакните зони.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје.

**Точка 17**

Владата по новиот текст на Барањето за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука (45-700/1) го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен

закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 18</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 19</u>**

Владата по новиот текст на Барањето за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука (45-701/1) го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 20</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Барањето за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука (44-11728/1) и по истото го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 21</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за состојбите на локалитетот Галабовец - Бела Пола за експлоатација на минерална суровина - мермер во Општина Прилеп, како материјал за информирање.

**<u>Точка 22</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на општина Вевчани, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на општините, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потреба од донесување на Национална програма за железничка инфраструктура за период од 2019 - 2021 година, со Предлог-национална програма, ја усвои Информацијата, го утврди новиот текст на Предлог-националната програма за железничка инфраструктура за период од 2019 - 2021 година и заклучи согласно член 26 став 2 од Законот за железничкиот систем да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Биљана Здравева, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 26**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2018-2022 година, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Одлука за висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони и за вршење на стопански риболов на риболовни подрачја, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1.Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 1 - Демирхисарски".

2.Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски Слив".

3.Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка".

4.Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река".

5.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Треска 1 - Кичевски".

6.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црн Дрим 2".

7.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Дојранско Езеро" и

8.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на рекреативен риболов на риболовната зона „Дојранско Езеро", во предложените текстови.

Истовремено, Владата заклучи Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро" и Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за

организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“ да се разгледаат на наредната седница на Владата.

## <u>Точка 31</u>

Владата ја разгледа Информацијата за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 2 - Тетовски“, во предложениот текст.

2.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 5 - Неготински“, во предложениот текст.

3.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 6 - Демир Каписки“, во предложениот текст.

4.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 1 - Демир Хисарски“, во предложениот текст.

5.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 4 - Мариовски“, во предложениот текст.

6.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница-Делчевски“, во предложениот текст.

7.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“, во предложениот текст.

8.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски Слив“, во предложениот текст.

9.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“, во предложениот текст.

10.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“, во предложениот текст.

11.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“, во предложениот текст.

12.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Калиманци“, во предложениот текст.

13.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Младост“, во предложениот текст.

14.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Конче 1 и Конче 3“, во предложениот текст.

15.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“, во предложениот текст.

16.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“, во предложениот текст.

17.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шпилје“, во предложениот текст.

18.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Крушевска“, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовни зони, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Шпилје“ и
- Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро.

**Точка 33**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ ЕЛДЕЈ - Соња Јакимовска с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Влатко Николов ул. Ангел Трајчев бр.55 Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ КРИСТАЛ ВАЛ - Валентина Спасова с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Галате, Општина Врапчиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Галате, Општина Врапчиште, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со намена Б4-деловни простории КО Инџиково, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за

изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со намена Б4-деловни простории КО Инџиково, Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Долна Лешница за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Долна Лешница, Општина Желино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Долна Лешница за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Долна Лешница, Општина Желино, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс за групно домување А3-објект за сместување и престој на стари лица КО Беровци, Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс за групно домување А3-објект за сместување и престој на стари лица КО Беровци, Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција и доградба на постоен пат од м.в. Порта до м.в. Мечкин Камен, КО Крушево-вон г.р., Општина Крушево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција и доградба на постоен пат од м.в. Порта до м.в. Мечкин Камен, КО Крушево-вон г.р., Општина Крушево, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 20(10)kV воздушен приклучен вод за поврзување на МХЕЦ Ехлоец со 20(10)kV постоечки

воздушен вод во с.Извор, КО Ехлоец и КО Кленоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 20(10)kV воздушен приклучен вод за поврзување на МХЕЦ Ехлоец со 20(10)kV постоечки воздушен вод во с.Извор, КО Ехлоец и КО Кленоец, Општина Кичево, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на СН 10(20) kV надземен вод со трафостаница 10(20)/0,4kV КО Присад, КО Дабница, Општина Прилеп и КО Небрегово, Општина Долнени, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на СН 10(20) kV надземен вод со трафостаница 10(20)/0,4kV КО Присад, КО Дабница, Општина Прилеп и КО Небрегово, Општина Долнени, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс од градби со намена Б5-хотелски комплекс КО Руница Општина Липково, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс од градби со намена Б5-хотелски комплекс КО Руница, Општина Липково, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Г Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Г Соње, Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка

планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

Точка 46

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д-меморијални простори-градски гробишта КО Валандово-вон г.р., Општина Валандово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д-меморијални простори-градски гробишта КО Валандово-вон г.р., Општина Валандово, во предложениот текст.

Точка 47

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа Вирово и придружни објекти КО Вирово, Општина Демир Хисар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа Вирово и придружни објекти КО Вирово, Општина Демир Хисар, во предложениот текст.

Точка 48

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Тркање за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Тркање, општина Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план за село Тркање за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Тркање, Општина Кочани, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Боговиње-вон г.р., Општина Боговиње, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Боговиње- вон г.р., Општина Боговиње, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 51

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со класа на намена Д-4 меморијален простор (православни гробишта) КО Брвеница вон град, Општина Брвеница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со класа на намена Д-4 меморијален простор (православни гробишта) КО Брвеница вон град, Општина Брвеница, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Корешница, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Корешница, Општина Демир Капија, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (рибник за одгледување на речна калифорниска пастрмка) КО Белица, Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (рибник за одгледување на речна калифорниска пастрмка) КО Белица, Општина Македонски Брод (КП 746/2 и КП 749), во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (рибник за одгледување на речна калифорниска пастрмка) КО Белица, Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (рибник за одгледување на речна калифорниска пастрмка) КО Белица, Општина Македонски Брод (КП 752 и КП 753), во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стовариште КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална

урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стовариште КО Бардовци, Општина Карпош, во предложениот текст.

## Точка 57

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проширување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Самарница" Општина Прилеп на Друштво за производство, услуги и трговија Волостоне ДОО Скопје, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за проширување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Самарница" Општина Прилеп на Друштво за производство, услуги и трговија Волостоне ДОО Скопје, во предложениот текст.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација по Јавен повик за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани" с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани" с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга бр. 44-9027/1 од 2.10.2018 („Службен весник на Република Македонија" бр.186/18), со Извештај и Предлог-одлука (нов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со извршената евалуација по Јавен повик за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани" с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани" с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга бр. 44-9027/1 од 2.10.2018 („Службен весник на Република Македонија" бр.186/18).

2. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани" с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга 9/2018, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.245/18.

3. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на Друштвото за производство и трговија НЕФИ&А ИНВЕСТ ДОО Охрид на локалитетот „Климештани" с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилеп, со Предлог-одлука, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да обезбеди ново мислење по материјалот од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 60

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Протоколот кој се однесува на дефиниција на поимот „производи со потекло“ и методите на административна соработка кон Договорот за изменување и пристапување кон Централноевропскиот договор за слободна трговија согласно Одлуката на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија бр. 3/2015 (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија а за повереници Наташа Дескоска директор во Министерството за надворешни работи, Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

## Точка 61

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање на Културно-информативни центри во Република Северна Македонија и Културно - информативни центри во Република Албанија, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Ирина Димовска, државен советник во Министерството за култура.

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата во врска со усогласениот текст на Протоколот меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Црна Гора за соработка во областа на европските интеграции и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Црна Гора за соработка во областа на европските интеграции.

2. Се овластува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, да го потпише усогласениот текст на Протоколот меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Црна Гора за соработка во областа на европските интеграции.

## Точка 63

Владата ја симна од Дневниот ред Информацијата во врска со издавањето на новите регистарски таблици и утврдување на носителот на трошоците за замена на регистарските таблици со нови.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од понатамошно користење на недвижен имот од страна на Армијата на Република Северна Македонија на КП 8504 КО Богданци, ул.„Дубрава“, запишан во ИЛ.бр.100628 (поранешни објекти на „Млаз“ АД во стечај, а сега во сопственост на ДПТУ „Десива Пром“ ДОО од Богданци), со Предлог-договор, ја усвои и го задолжи Министерството за одбрана да склучи договор за користење на неопределено време, без надомест, на недвижен имот на КП 8504 КО Богданци, ул.„Дубрава“,запишан во ИЛ.бр.100628, со новиот сопственик на недвижностите, ДПТУ „Десива Пром“ ДОО од Богданци.

## Точка 65

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено - поправните установи во Република Северна Македонија“ и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерство за финансии, по добивање на известување од Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите за потребата од продолжување на датумот за затворање на проектот „Реконструкција на казнено - поправните установи во Република Северна Македонија“, во кое ќе биде наведен

конкретен датум, како и образложение за причините за продолжувањето, да достави барање до Банката за развој при Советот на Европа за продолжување на датумот за затворање на овој проект.

2. Се задолжува Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите да достави барање до Министерство за транспорт и врски, за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/19), со изработка на Архитектонско - урбанистички проект за Казнено - поправната установа Идризово, до крајот на месец мај 2019 година.

Се задолжува Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите во октомври 2019 година до Владата на Република Северна Македонија да достави информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено - поправните установи во Република Северна Македонија.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)" и барање за промена на динамиката на плаќање на повеќегодишната јавна набавка „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)", ја усвои Информацијата и даде одобрение за промена на динамиката каде плаќањето ќе биде реализирано во три години, односно за 2019 година во износ од 19.000.000,00 денари, средства кои се обезбедени во Буџетот на Министерството за информатичко општество и администрација, за 2020 година износ од 19.000.000,00 денари и за 2021 година износ од 7.000.000,00 денари кои средства ќе бидат планирани во предлог буџетските барања за 2020 и 2021 година.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 4 октомври 2018 година во Скопје и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да изработи анализа на англиски јазик за странските и домашните компании и индустриите опфатени со Планот за економски раст и истата преку Секретаријатот за европски прашања да ја испрати до Европската комисија најдоцна до 30 мај 2019 година.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за распределба на средства за проектите: изградба на локален пат Ржаничино-Ќојлија во Општина Петровец и изградба на локални патишта во село Горно Оризари, Општина Велес, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - варовник на локалитетот "Пасивер", општина Чучер Сандево од Друштвото за производство, трговија и услуги ЕУРО АКТИВА ДОО експорт - импорт Скопје на Друштвото за трговија и услуги ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за градежништво инженеринг промет и услуги МИЉА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје на локалитетот Орман, Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина - дијабаз на Друштвото за производство, трговија и транспорт МИСА-МГ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје на локалитетот „Гроот", Општина Велес, во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за пренос на удел во Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги Премиум минерали ДТ ДОО увоз-извоз Куманово.

## Точка 74

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „АПЕКС МК“ ДОО Скопје за деловната просторија на ул.„Маршал Тито“ бр.61 во Битола, во предложениот текст.

## Точка 75

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за промет и услуги „СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ“ ДОО Скопје за деловната просторија на ул.„Кемал Сејфула“ бр.2Б во Скопје, во предложениот текст.

Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика гласаше против за издавање на Лиценцата.

## Точка 76

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за коцкање и обложување „МА ГАМИНГ“ ДООЕЛ Скопје за деловната просторија на ул. „Народен Фронт“ бр.19/1-18 во Скопје, во предложениот текст.

## Точка 77

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за угостителство и игри на среќа „ТХЕ-СЛОТС“ ДОО Скопје за деловната просторија на ул. „Илинденска“ бр.17 во Гевгелија, во предложениот текст.

## Точка 78

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ“ ДОО Скопје за деловната просторија на бул.„Јане Сандански“ бр.79А/001 кат, ПР-број 010 Аеродром, Скопје, во предложениот текст.

## Точка 79

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Радовиш, во предложениот текст.

## Точка 80

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Демир Хисар, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Берово, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Маврово и Ростуше, во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Чешиново Облешево, во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 86**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Василево, во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Дебрца, во предложениот текст.

**Точка 88**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Општина Неготино, во предложениот текст.

**Точка 89**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за работа на претседателот и членовите на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации, во предложениот текст.

**Точка 90**

Владата условно ги донесе новите текстови на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница-Штип (од Министерството за здравство) и Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница-Штип (од Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип), доколку Агенцијата за катастар на недвижности достави позитивно Мислење до потпишување на истите.

**Точка 91**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА Скопје (тмв Пежо, тип Боксер, 2016 година), во предложениот текст.

**Точка 92**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружение на граѓани за третман на лица со Аутизам, АДХД и Аспергеров синдром ВО МОЈОТ СВЕТ-Скопје и условно ја донесе Одлуката со заклучок Министерството за здравство редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство а Агенцијата за катастар на недвижности да достави ново мислење по истата, согласно новодоставената сопственичка документација.

**Точка 93**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Меѓународната фондација „Тоше Проески“ - Крушево, во предложениот текст.

**Точка 94**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 95

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2018 година и притоа го утврди следново Мислење:

Согласно член 36 став 1 од Законот за енергетика секоја година, најдоцна до 30 април, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги до Собранието на Република Северна Македонија доставува годишен извештај за својата работа во претходната година. Годишниот извештај треба да содржи детални информации за активностите во врска со остварување на надлежноста согласно Законот за енергетика и Законот за утврдување на цени на водни услуги, како и информации за материјално-финансиското работење. Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги се доставува и до Владата на Република Северна Македонија и до Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, заради информирање.

Во Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2018 година се прикажани активностите реализирани од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги во текот на 2018 година со посебен осврт на состојбите на пазарите на енергија, регулирањето на тарифите и цените, изготвувањето на регулативата, активностите на меѓународно ниво и преглед на финансиското работење.

Регулаторната комисија за енергетика во текот на 2018 година има донесено и одобрено најголем дел од подзаконските акти кои произлегуваат од новиот Закон за енергетика и тоа во делот на електрична енергија донесени се: Тарифен систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај, Правила за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач, Правила за снабдување со електрична енергија, Правила за пазар на електрична енергија, Правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Правила за алокација на прекугранични преносни капацитети на граница Македонија - Бугарија за 2019 година, Правила за алокација на прекуграничните преносни капацитети на граница Македонија - Србија за 2019 година, Програма за усогласеност на операторот на електродистрибутивниот систем, ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем, Правила за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија. Во делот за природен гас донесени се следните подзаконски акти: Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начин и услови за регулирирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас, Правилник за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас, Тарифен систем за

пренос на природен гас и организирање и управување со пазарот на природен гас и Тарифен систем за дистрибуција на природен гас.

Постапката за сертификација на операторот на електропреносниот систем е во тек согласно обврските од Законот за енергетика за што на 1 август 2018 година Регулаторна комисија за енергетика донесе Правилник за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас, а на 27 март 2019 година достави Предлог-одлука за сертификација до Секретаријатот на енергетска заедница.

Согласно член 25 од Законот за енергетика Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го следи функционирањето на пазарите на енергија со цел да се зајакне ефикасноста, конкурентноста и транспарентноста на пазарите за енергија и откријат неправилности, нарушувања на конкуренцијата и облици на нелојална конкуренција на пазарот на енергија.

Во поглавјето претставки, управни и судски постапки се дава преглед на претставките, постапките за одлучување по спорови, барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер и судските постапки кои биле поведени и/или по кои Регулаторна комисија за енергетика постапувала во текот на 2018 година.

По однос на планираните активности на Регулаторната комисија за енергетика за 2019 година, меѓудругото е наведено дека ќе се работи на мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, со цел да се зголеми опфатот на нови приклучоци кои ќе имаат третман на стандардни приклучоци, како и појаснување на поделбата на мерно место.

Во делот на Извештајот кој се однесува на водните услуги се укажува дека во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2017), Регулаторната комисија за енергетика од 1.8.2017 година отпочна да врши надлежности и во делот на формирање на цени на водни услуги, при што Владата во овој дел од Извештајот нема забелешки.

Согласно доставениот Извештај, вкупно се остварени приходи во износ од 80.541.218 денари и тоа приходи од наплатен надоместок на носители на лиценци кои вршат енергетски дејности се остварени во износ од 76.230.398 денари (94.65%), приходи од надоместок за издавање на лиценци 1.692.536 денари (2,10%), наплатен надоместок на давателите на водни услуги 1.292.646 денари (1,60%), приходи од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги 1.300.000 денари (1,62%) и приходите по други основи 25.638 денари (0,03%). Вкупно остварени приливи на средства во 2018 година (приходи од редовно работење во износ од 80.541.218 денари и пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година во износ од 48.970.166 денари) изнесуваат 129.511.384 денари.

Расходите се реализирани во вкупен износ од 57.134.596 денари, истите се за 30,60% помали од планираните расходи за 2018 година без да се наведат причините за ваквата реализација. Воедно, се укажува на потребата материјалот да биде дополнет со образложение на реализираните приходи и расходи по расходни категории на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за тековната во споредба со претходната година, со цел да се согледаат причините за зголемување/намалување на истите.

**Точка 96**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2018 година е во функција на исполнување на обврската на Фондот согласно член 67 став 1 од Законот за здравственото осигурување, според кој Фондот е должен најмалку еднаш годишно да доставува извештај за својата работа и анализа за економско-финансиското работење до Министерството за здравство, Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

Извештајот содржи сеопфатни статистички податоци за остварените права од здравственото осигурување, финансиски податоци за работењето на Фондот и други податоци.

Од показателите изнесени во Извештајот може да се констатира следното:
- во 2018 година бројот на осигурени лица изнесувал 1.844.093 лица и во однос на претходната година е намален за 28.373 лица.
- Фондот во 2018 година имал склучени договори со 110 јавни здравствени установи (за 4 помалку во споредба со 2017 година поради извршеното спојување на 4 здравствени домови со 4 општи болници), додека склучени биле 2.210 договори во примарна здравствена заштита, 777 со аптеки и 423 во специјалистичко- консултативната здравствена заштита.
- во 2018 година Фондот остварил вкупни приходи во износ од 29.798,7 милиони денари (заедно со пренесените приходи од претходната година), кои во споредба со вкупно остварените приходи во 2017 година се зголемени за 6,9% или за 1.920 милиони денари.
- најголемо учество во структурата на приходите на Фондот имаат даночните приходи (придонеси од плати за социјални фондови) со 88,6%, трансферите од Министерството за труд и социјална политика за породилни боледувања со 8,2% и другите неданочни приходи со 3,2%. Во делот на приходи од придонесите од плата се вклучени и придонесите за невработени лица кои ги плаќа Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, за корисниците на социјални права што ги плаќа Министерството за труд и социјална политика, за пензионерите што ги плаќа Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и за неосигурените лица што ги плаќа Министерството за здравство.
- вкупните расходи на Фондот за 2018 година изнесуваат 29.406,4 милиони денари што во споредба со претходната година претставува пораст за 1.912,2 милиони денари. Реализацијата

на расходите е во тесна врска со остварените приходи и во однос на планираните расходи изнесува 99,63%. Во структурата на расходите 98,44% опфаќаат расходите за здравствена дејност и осигурување, а функционалните расходи на Фондот учествуваат со 1,56%. Расходите за здравствена дејност и осигурување во 2018 година изнесуваат 28.947,2 милиони денари и во однос на претходната година се зголемени за 1.904,8 милиони денари или за 7,04%.

Имајќи го предвид горенаведеното, предметниот материјал е од информативен карактер и Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по истиот.

## Точка 97

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 69 став (4) од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15), поднесено од пратеникот Самка Ибраимоски и притоа го утврди следново Мислење:

I. Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Според член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/08, 119/10 и 23/13), барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и на градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење. Согласно член 176 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието, кое доколку Законодавно - правната комисија оцени дека е оправдано и изготви предлог на автентично толкување, расправа и одлучува по предлогот на иста седница. Автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

II. Од извршената анализа на оваа законска одредба произлегува следното:

Со член 42 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр.79/13 година, во ставот 4 е додадена нова реченица која гласи „Разлачните доверители кои не поднеле пријава за одвоено намирување во определениот рок не го губат правото на одвоено намирување од предметот на разлачното право во стечајната постапка", односно законодавецот увидувајќи го проблемот во судската практика кој настана исклучиво поради лошото толкување на оваа одредба од страна на стечајните управници веќе интевенирал со законски текст од кој јасно и недвосмислено произлегува дека доверителот со право на одвоено намирување (разлачен доверител) од некој

предмет или право и во случај ако не го пријави своето право во стечајната постапка, односно не поднесе пријава за утврдување на разлачно право, не го губи правото на одвоено намирување.

Со други зборови, законодавецот со ваквото нормирање веќе дал одговор на она што сега повторно како спорно се поставува во автентичното толкување. Од анализата на одредбата од член 69 став 4 од наведениот закон јасно произлегува дека:

- доверителите кои имаат разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот, како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги, односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги имаат право да ги пријават во отворената стечајна постапка во рок од 15 дена

- во пријавата мора да се означат предметот над кој постои разлачно право, начинот и основата на засновање на тоа право, како и средствата за обезбедување на побарувањата.

- ако доверителот, без оправдана причина, намерно пропушти да поднесе или одолговлекува со поднесувањето на пријавата, одговара за штетата која поради тоа би можела да настане.

- разлачните доверители кои не поднеле пријава за одвоено намирување во определениот рок не го губат правото на одвоено намирување од предметот на разлачното право во стечајната постапка.

Од оваа законска одредба јасно произлегува дека, разлачните доверителите ако не го пријават своето разлачно право во рок од 15 дена не го губат своето правото на одвоено намирување од предметот на разлачното право во стечајната постапка. Определениот рок од 15 дена за разлачните доверители не е преклузивен рок, што значи дека можат да поднесат пријава за утврдување на право на одвоено намирување и по истекот на овој рок.

Стечајниот управник нема овластување да ги отфрла поднесените пријави за утврдување на правото на одвоено намирување од предметот или правото по овој рок. Се работи за правна заштита на обезбедените доверители која е регулирана и со други законски прописи.

Согласно горе наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на овој член од Законот.

## Точка 98

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 23 став 1 точка 3 подточки д), ѓ), е) и з) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19), поднесено од пратеникот Лидија Тасевска и притоа го утврди следново Мислење:

Согласно со член 23 став (1) точка 3 подточки д), ѓ), е) и з) од Законот за јавните набавки, одредбите на овој закон не се применуваат на јавни набавки на:

д) услуги за правно застапување странки од страна на адвокати во:
- постапка на арбитража или помирување во Република Македонија, во друга држава или пред меѓународна инстанца за арбитража или помирување или
- постапка пред судовите во Република Македонија, судовите, трибуналите или субјектите во доменот на јавното право во друга држава или пред меѓународните судови, трибунали или институции,
ѓ) услуги за правно советување што ги даваат адвокатите при подготовка за која било постапка од точка д) на овој став,
е) нотарски услуги за заверка и потврдување документи,
з) други правни услуги кои се поврзани со вршење службени овластувања.

Со посочените одредби од членот 23 од Законот се транспонираат соодветните исклучоци од примена утврдени во член 10 (d) од Директива 2014/24/ЕУ, односно член 21 (c) од Директива 2014/25/ЕУ. Членот 23 предвидува исклучоци од примена кои се однесуваат на сите договорни органи утврдени во членот 9 од Законот, без оглед дали се од класичниот јавен сектор или од секторските дејности.

Сепак, треба да се има предвид дека овие одредби сами по себе не навлегуваат во уредување на службените овластувања на нотарите и адвокатите, туку единствено претставуваат основ за исклучување од примена на Законот за јавните набавки за одредени правни услуги и вршење службени овластувања кои се уредуваат со други материјални прописи, како што е член 68 од Законот за нотаријатот во конкретниот случај. Истото се однесува и на услугите пред извршител при поднесување барања за извршување.

Според тоа, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 23 од Законот за јавните набавки јасно и недвосмислено ги поставува основите за исклучување од примена на законот и нема потреба од автентично толкување за истиот. Доколку постои дилема во однос на конкретните услуги, сметаме дека потребата од автентично толкување лежи во материјалните прописи со кои се уредуваат конкретните нотарски и адвокатски услуги, како и услугите пред извршител во смисла дали станува збор за правни услуги кои се поврзани со вршење на службени овластувања согласно со материјалниот закон.

## Точка 99

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Снежана Геровска - Попчевска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.75/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уредбата за националната рамка на

високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр.154/2010) донесена од Владата на Република Македонија и притоа го утврди следново Мислење:

Министерството за образование и наука, како членка од 2003 година, високообразовните политики ги хармонизира со документите и препораките од Министерските коминикеа од Болоњскиот процес. Со Министерското Коминике од Берлин 2003 година и од Берген 2005 година, до 2010 година, се предвидува воспоставување на национални рамки на високообразовните квалификации, врз основа на што се изготвени и т.н. Даблински дескриптори со кои се опишуваат високообразовните квалификации кои се стекнуваат со завршување на кратките циклуси на студии и трите циклуси на студии. Резултатите од учењето (специфичните дескриптори) се темелат на општите Даблински дескриптори кои се пет и тоа:

- знаења и разбирање,
- примена на знаењето и разбирањето,
- способност за проценка,
- комуникациски вештини и
- вештини на учење.

По воспоставувањето на Националната рамка на високообразовните квалификации, земјите членки на Болоњскиот процес изготвуваат т.н. Извештај за самопотврдување со кои потврдуваат дека Националната рамка на високообразовни квалификации е усогласена со Рамката на високообразовни квалификации на Европскиот простор на високо образование (QF-EHEA).

Со донесувањето на наведената Уредба, Министерството за образование и наука во соработка со високообразовните установи, успешно одговори на барањето за воведување на Национална рамка на високообразовни квалификации. По нејзиното донесување сите високобразовни установи во земјата ги преуредија и ре-акредитираа сите студиски програми согласно наведената Уредба во периодот од 2010-2012 година и од тогаш наваму, Уредбата е основа според која се дизајнираат студиските програми на сите циклуси на образование, но и наш одговор на обврските од Болоњскиот процес. Во 2013 година беше донесен Законот за националната рамка на квалификации и таа е рамка за квалификации за доживотно учење.

Заради конзистентност во Законот за националната рамка на квалификации, за високообразованите квалификации, сѐ беше преземено од Уредбата за Национална рамка на високобразовни квалификации и високообразовните квалификации продолжија да се опишуваат со 5-те Даблински дескриптори наместо со 3-те од Рамката за квалификации за доживотно учење.

Во постапката на поврзување (Referencing) на нашата рамка за доживотно учење и самопотврдувањето на рамката на високообразовните квалификации пред Советодавната група за Европска рамка на квалификации (EQF AG) ова го одбранивме со прикажување на

компатибилноста на 5-те Даблински дескриптори со 3-те од рамката за доживотно учење. Поврзувањето на Националната рамка за квалификации со Европската рамка на квалификации и самопотврдувањето на Националната рамка на квалификации на Европскиот простор на високо образование се вршат по различни критериуми и се објавени и во рамките на Болоњскиот процес и во рамките на Европската комисија.

Со укинување на Уредбата, како што се предлага, ќе се предизвикаат сериозни последици за дизајнирањето на студиските програми и квалификациите со кои се стекнуваат студентите.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија, му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфри Иницијативата за оценување на уставноста на Уредбата за Националната рамка на високообразовни квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.154/10), поднесена од Снежана Геровска-Попчевска од Скопје.

**<u>Точка 100</u>**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Горан Тошевски од Скопје за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) под И.бр.378/19 и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Точка 101</u>**

1. Владата на Миле Бошњаковски му утврди престанок на функцијата портпарол на Владата на Република Северна Македонија, поради именување на друга должност.

2. Владата го разреши Зоран Велковски од должноста истражител на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

3. Владата му предлага на Собранието на Република Северна Македонија за непрофесионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување да го именува доцент д-р Игор Ивановски.

4. Владата ја разреши Ана Шуманска од должноста член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски" Скопје, на нејзино барање.

5. Владата ја разреши Биљана Манасиева од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Виница, на нејзино барање.

6. Владата ја разреши Љупка Јаневска од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на Државниот студентски дом „Доне Божинов “- Пробиштип, на нејзино барање.

7. Владата од должноста членови на Управниот одбор -претставници на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар, на нивно барање, ги разреши:

- Добре Стојковски и
- Милена Момировска.

8. Владата ја именува Мирлинда Беќири за член на Управниот одбор - претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар.

9. Владата на Виолете Баткоска и утврди престанок на мандатот член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Вевчани, на нејзино барање.

10. Владата ја разреши Снежана Денковска од должноста член на Советот за образование на возрасните, претставник од Комората на занаетчиите на Македонија.

10.1. Владата ја именува Анета Атанасовска за член на Советот за образование на возрасните, претставник од Комората на занаетчиите на Македонија.

11. Владата ја разреши Александра Стојановска од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, на нејзино барање.

12. Владата за претседател и членови на Координативниот комитет за координирање на државната статистика, ги именува:

а) за претседател:
- Апостол Симовски, директор на Државниот завод за статистика

б) за членови:
- Билјана Миноска, претставник од Министерството за финансии,
- Билјана Шуперлиска, претставник од Министерството за внатрешни работи,
- Анета Тошевска, претставник од Министерството за правда,
- Муарем Асани, претставник од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија,
- Билјана Деловска, претставник од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија,
- Вјоса Речица, претставник од Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија,

- Сузана Алчинова Моневска, претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи и

- Лилјана Торова, претставник од Народната банка на Република Северна Македонија.

13. Владата за членови на Научниот комитет за генетски модифицирани организми, ги избра:

- Аргент Муча од Лекарска комора на Македонија,
- доц. д-р Хесат Алиу од Универзитетот во Тетово,
- Зоран Поповски од Факултет за земјоделски науки и храна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј",
- Деан Јанкулоски од Факултет за ветеринарна медицина на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј",
- Владо Матевски од Македонска академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија,
- Драган Мијакоски од Институтот за медицина на трудот на Република Северна Македонија и
- Влатко Андоновски од Шумарски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

14. Владата на Розета Постолова и утврди престанок на мандатот член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Штип, на нејзино барање.

15. Владата го именува Крум Арнаудов за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница -Охрид.

16. Владата од должноста членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, од редот на вработените во органите на државната управа, ги разреши:

- Маја Лазареска Јовеска,
- Суеда Бајрами и
- Гордана Ивановска Велковска.

16.1. Владата за членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, од редот на вработените во органите на државната управа, ги назначи:

- Андријана Велевска,
- Атула Касуми и
- Хајрије Сопи.

17. Владата го разреши Дитмир Ешеху од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Гостивар, поради постоење на состојба на судир на интереси.

18. Владата ја разреши Кадрие Синани од должноста член на Училишниот одбор- претставник на основачот на Посебното основно училиште „д-р Златан Сремец“- Скопје, на нејзино барање.

19. Владата ја разреши Вера Ѓоршевска од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола.

20. Владата го разреши Насер Исмаили од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица” - Кичево, на негово барање.

21. Владата даде согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институтот за национална историја-Скопје бр.02-676/4 од 19.12.2018 година, со која за директор на Институтот е избран д-р Драги Ѓоргиев, научен советник-редовен професор, досегашен директор на Институтот.

22. Владата за членови на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата - Скопје, ги именува:

- адвокат Оливер Гашев на предлог на Адвокатската комора на Република Северна Македонија и
- Шемседин Јусуфи на предлог на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

23. Владата го разреши Тоде Митковски од должноста член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди.

23.1. Владата за членови на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, ги именува:

- Трајан Димковски од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и
- Билент Мустафоски од Министерството за финансии.

24. Владата ја отповика Елеонора Фунду од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ во државна сопственост.

25. Владата заклучи да му предложи на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп да ја констатира оставката на Шеваљ Цеку од должноста неизвршен независен член на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп.

26. Владата заклучи да му предложи на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп да ја констатира оставката на Шеваљ Цеку од должноста неизвршен независен член на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп.

## Точка 102

1. По повод Барањето на Фондацијата за промовирање на иновативно учење, едукација и личен развој СТЕМ АКАДЕМИЈА Скопје до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-1633/1 од 15 мај 2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на учеството на македонскиот тим на светско првенство во едукативна роботика FIRST LEGO LEAGUE во Либан од 13 - 19 јуни 2019 година, Владата заклучи:

- се задолжува Генералниот секретаријат на Владата од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија од раздел 04001, програма 1-Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 430.500,00 денари на горенаведениот субјект.

2. По повод Барањето на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-1576/1 од 10 мај 2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на меѓународната студентска научна конференција со тема „Разменуваме знаења - создаваме можности“, Владата заклучи:

- се задолжува Генералниот секретаријат на Владата од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија, од раздел 04001, програма 1-Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 150.000,00 денари на горенаведениот субјект.

3. Владата заклучи, по повод одбележувањето на 24 Мај „Св. Кирил и Методиј“ - Ден на сесловенските просветители, владина делегација предводена од Венко Филипче, министер за здравство, во состав: Зорица Апостолска, министер без ресор задолжен за странски инвестиции и Енвер Хусејин, државен секретар на Министерството за образование и наука, на 21 мај 2019 година во 10 часот да положи цвеќе на споменикот „Св. Кирил и Методиј“ во универзитетскиот кампус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Исто така, Владата на Република Северна Македонија на 24 мај 2019 година во 16 часот, ќе организира прием по повод одбележувањето на Денот на сесловенските просветители, во Национална установа Филхармонија на Република Северна Македонија.

4. Владата во врска со укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, за проблемите со кои се соочуваат лекарите во однос на дополнителната дејност го задолжи Министерството за здравство да подготви и до Владата да достави информација за дополнителната дејност на лекарите и за можноста за функционализирање на истата.

5. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 13 мај 2019 година до 19 мај 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

6. Во врска со Заклучок бр.1 од точка 10 „Информација со Преддоговор за пренесување на право на градење и уредување на меѓусебните права и обврски за градба на Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДООЕЛ Гостивар, со дополнување кон материјалот, донесен на Сто триесет и првата седница на Владата, одржана на 23 април 2019 година, Владата заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Се овластува Шасине Касами, дирекот на Управата за имотно - правни работи, во рок од 7 (седум) дена да го потпише новиот текст на Преддоговорот за пренесување право на градење и уредување на меѓусебните права и обврски за градба“.

**Точка 103**

Владата го одложи од разгледување Годишниот финансиски извештај за 2018 година на Здружението за заштита на авторски музички права - ЗАМП, за некоја од наредните седници.

**Точка 104**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Информацијата за приклучување на Република Северна Македонија кон Иницијативата за перформанси на примарна здравствена заштита, како материјал за информирање.

**Точка 106**

Владата ги донесе:

1.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и

2.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за управување со одземен имот, во предложените текстови.

## Точка 107

Владата ги донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за транспорт и врски, Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи и Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за транспорт и врски - Управа за сигурност во железничкиот систем, со заклучок текстот на одлуките редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 108

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 109

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на хотелско-туристички објекти, туризам, спорт и рекреација локалитет Негорски бањи КО Негорци, Општина Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на хотелско-туристички објекти, туризам, спорт и рекреација локалитет Негорски бањи КО Негорци, Општина Гевгелија, во предложениот текст .

## Точка 110

Владата ја разгледа Предлог-годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2019 година и ја донесе Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2019 година со заклучок истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 111

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преземање на активности за реконструкција и реновирање на недвижни ствари - објекти на единиците на Армијата со финансиски средства обезбедени од Министерството за образование и наука (Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје), со нов текст на Предлог-договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за образование и наука и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје да склучат договор за регулирање на начинот и условите за реконструкција и реновирање на недвижните ствари, спроведување на постапка за групна јавна набавка од Министерството за одбрана за изведување и стручно-технички надзор на градежните работи и начинот и условите на плаќање од страна на Министерството за образование и наука (Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје).

2.Владата врз основа на позитивното Мислење од Министерството за финансии даде согласност за склучување на повеќегодишен договор за изведување и стручно-технички надзор на градежните работи.

3.Се обврзуваат Министерството за одбрана, Министерството за образование и наука и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, да потпишат и посебен договор за спроведување на групната јавна набавка, со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, согласно закон.

4.Се задолжува Бирото за јавни набавки до 24 мај 2019 година (петок) да достави мислење по однос на горенаведените заклучоци.

## Точка 112

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од нов деловен простор за Државната комисија за спречување на корупција, ја усвои и заклучи:

- се укажува на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да ги преземе сите потребни активности за давање на деловен простор под закуп на Државната комисија за спречување на корупцијата и во рок од 14 дена да ја информира Владата за истото.

## Точка 113

Владата ја разгледа Информацијата за првиот Годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022, со Годишен извештај, ја усвои Информацијата и го усвои Годишниот извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

## Точка 114

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2019 година, која претходно предлагачот редакциски ќе ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 115**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Меморандум за рамка за соработка за Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следниве заклучоци:

1.Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за рамка за соработка за Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа.

2.Се задолжува Министерство за надворешни работи, веднаш по дипломатски пат да оствари контакт со претседавачот на Управниот комитет на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа, за потпишување на Меморандумот за рамка за соработка за Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа.

**Точка 116**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување Спогодба помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Република Северна Македонија во „Европскиот корпус на солидарност", со усогласен текст на Спогодба и условно ја усвои Информацијата доколку Министерството за надворешни работи достави позитивно мислење по истата, со следните заклучоци:

1.Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учеството на Република Северна Македонија во „Европскиот корпус на солидарност".

2.Се овластува д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, во име на Владата, да ја потпише Спогодбата помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учеството на Република Северна Македонија во „Европскиот корпус на солидарност".

3.Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги извести Министерството за образование и наука и Министерството за финансии за одобрената релокација на средства за плаќање на ИПА учество на влезниот билет за 2019 година, 90 илјади евра ќе се обезбедат преку ИПА, а 10 илјади евра ќе бидат национално кофинансирање од буџетот на Министерството за образование и наука. За 2020 година, 80 илјади евра преку ИПА, а 10 илјади евра национално кофинансирање.

4.Се задолжува Министерството за образование и наука да ги обезбеди средствата за плаќање на влезниот билет за учество на земјата во оваа програма, во рамките на максималните износи на расходи за соодветната фискална година.

5. Се задолжува Министерството за финансии од потпишување на измената на финансиската спогодба на годишната таксиска програма за 2017 година да го рефундира ИПА делот на Министерството за образование и наука.

**<u>Точка 117</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за изградба на катни - монтажни гаражи во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, со заклучок истото редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 118</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за тек и прогрес на проектот „Реконструкција и адаптација на Специјална болница „Св. Еразмо“- Охрид“ и одобрување на нова динамика за плаќање (нов текст), ја усвои Информацијата и условно ја одобри промената на динамика на плаќање за Договорот за Реконструкција и адаптација на Специјална болница „Св. Еразмо“- Охрид и тоа за:

- 2019 година 41.000.000,00 денари, средства од буџетот на Министерство за здравство
- 2020 година 40.530.000,00 денари, средства од буџетот на Министерство за здравство, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење по истата.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18:15 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**